Јавно претпријатие за снабдување дејности СТРУМИЦА-ГАС
Бр. 04-499/21
23.11. 20 26 год.
Струмица

Врз основа на член 23 од Закон за работни односи (Сл. весник на РМ бр. 167/15-пречистен текст,27/16 и 120/18) и (Службен весник на РСМ бр.110/19, 267/20,151/21, 288/21,113/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14,199/14 , 27/16, 35/18 198/18) и (Службен весник на РСМ бр.143/19 и 14/20 и 208/24) а врз основа на Записникот од извршениот прием на документи со бр.04-499/20 од 23.11.2026 година по објавениот јавен оглас 02/2026 од 05.11.2026 година,а согласно чл.28 од Статутот на ЈПЕД "Струмица – Гас" Струмица бр.01-489/1 од 14.11.2022 год., В.Д Директорот на ден 23.11.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на кандидати по објавен јавен оглас 02/2026
за вработување на неопределено време на 1 (едно) лице-давател на јавна услуга

1. За работното место објавен во јавниот оглас бр.02/2026 објавен на 05.11.2026 година во дневните весници ,,Нова Македонија", ,,Вечер" и ,,Коха", за вработување на неопределено време во ЈПЕД "Струмица-Гас" Струмица, избран е следниот кандидат:
- За работното место - **КДР 03 05 Б03 159- Одржувач на гасна инсталација** се избира кандидатот **Асен Динишев.**
2. Со избраниот кандидат од оваа Одлука ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На ден 05.11.2026 година во дневните весници ,,Нова Македонија", ,,Вечер" и ,,Коха" беше објавен јавен оглас 02/2026 за вработување на неопределено работно време **на 1 (едно) лице-давател на јавна услуга- Одржувач на гасна инсталација** во ЈПЕД "Струмица –Гас" Струмица.

Постапувајќи по одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работни односи, со Записник бр.04-499/20 од 23.11.2026 година ,се констатира дека за огласеното работно место на неопределено работно време по оглас бр.02/2026 се пријави 1 (еден) кадидат.

Врз основа на утврдениот записник за прием на документи по оглас бр. 02/2026 се утврди дека единствен кандидат за пополнување на работното место **Одржувач на гасна инсталација** на неопределено работно време е кандидатот Асен Динишев, кој има доставено комплетна документација согласно бараните документи во огласот.

Истиот беше доставен до В.Д Директорот на ЈПЕД "Струмица-Гас" Струмица, при што се одлучи како во диспозитивот од оваа Одлука.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето до Управен одбор на ЈПЕД "Струмица-Гас" Струмица.

ЈПЕД "Струмица-Гас"
В.Д Директор
Томчо Стојчев

Јавно претпријатие за снабдувачки дејности СТРУМИЦА-ГАС * Струмица